# БИЛТЕН НА АКТИВНОСТИ
# АПРИЛ – ЈУНИ 2020

- Обезбедена правна помош на 63 граѓани
- Обезбедена правна помош на 20 жртви на насилни кривични дела
- Одржани 13 настани
  - Одржани 9 online обуки наменети за млади правници и адвокати
  - Одржани 3 еднодневни работилници наменети за граѓански организации
  - Одржана 1 обука наменета за граѓански организации
- Одржани 4 состаноци
- Објавени 2 кратки предавања на E-learning платформата на МЗМП
- Подготвени 6 документи
  - 1 флаер за права и обврски во услови на КОВИД-19 на македонски, албански, турски и ромски јазик
  - 1 анализа
  - 2 анализи во рамки на активностите на Мрежата за заштита од дискриминација
  - 1 инфографик за донесени уредби со законска сила за периодот 18 март – 18 април
  - 1 анализа изработена од грантисти на МЗМП

## АПРИЛ

- МЗМП одржа online предавање за млади правници на тема „Родово базирано и семејно насилство“
- МЗМП одржа online предавање за млади правници на тема „Човековите права на работното место“
- Во соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права, МЗМП подготви информативни флаери за правата и обврските на македонските граѓани во услови на КОВИД-19. Флаерите се изготвени на македонски, албански, турски и ромски јазик.
- МЗМП одржа online предавање за млади правници на тема „Правна заштита од дискриминација“
- МЗМП одржа состанок со групата за стратешко застапување на предмети од областа на азилот (СЛАГ група)
- Со цел создавање на професионален форум за објавување стручни статии кој ќе послужи како медиум, каде правничкото мислење и визијата на младите правници во однос на клучни прашања поврзани со човековите права и владеењето на правото ќе бидат артикулирани на кохерентен и методичен начин, МЗМП објави повик за пишување стручни

статии од областа на правото кои ќе бидат дел од списанието на здружението. На јавниот повик се избрани 23 апстракти за стручни статии од областа на правото со кои ќе се даде осврт на состојбата со заштита на човековите права и владеење на правото во нашата држава

- Како дел од стратешката определба на МЗМП за поддршка на младите правници во нивната едукација за теми од областа на човековите права, на E-learning платформата на МЗМП беше поставено кратко предавање на тема „Семејно насилство"
- МЗМП одржа online предавање за адвокати и млади правници на тема „Човековите права на лицата лишени од слобода"
- Како дел од соработката со Правната клиника за бегалско право на Правниот факултет „Јустинијан Први", претставници од МЗМП одржаа предавања за студентите по право, посветени на постапката за остварување на правото на азил и искуството на МЗМП во оваа област и застапувањето на случаите на бегалците од Косово како и нивната интеграција во нашата држава
- МЗМП одржа online предавање за млади правници на тема „Дискриминација од работен однос низ призмата на ЕСЧП"
- МЗМП изготви инфографик за активноста на Владата во поглед на овластувањето да носи уредби со законска сила за времетраење на првите 30 дена од вонредната состојба

## МАЈ

- МЗМП оствари соработка со Бирото за јавна безбедност – орган во состав на Министерството за внатрешни работи. Како резултат на остварената соработка, во секоја месно надлежна полициска станица се поставени постери и брошури наменети за информирање на граѓаните за воспоставениот сервис за правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела
- МЗМП активно се залага за искоренување на бездржавјанството во нашата држава. За таа цел, изготвен е и објавен бројчаник кој служи како потсетник за постапувањето на државата и до сега преземените активности за решавање на статусот на лицата неевидентирани во матична книга на родени
- Како дел од стратешката определба на МЗМП за поддршка на младите правници во нивната едукација за теми од областа на човековите права, на E-learning платформата на МЗМП беше поставено кратко предавање на тема „Меѓународно право за животна средина"
- Како дел од активностите на Мрежата за заштита од дискриминација, Гоце Коцевски, раководител на програмата за правна помош во МЗМП, изготви документ за јавни политики „Преминување на товарот на докажување во судските постапки за заштита од дискриминација: Анализа и препораки за унапредување на ефикасноста на судската заштита од дискриминација"

- Со поддршка на Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта, МЗМП подготви анализа на законодавството и примена на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе преку студија на случаи
- Како дел од БЛУПРИНТ групата за реформи во правосудството и Мрежата за заштита од дискриминација, МЗМП излезе со јавна реакција по укинувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација
- Одлучувајќи по предмет поддржан од здружението, Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди постоење на психичко вознемирување на работното место (мобинг)
- Во согласност со препораките на Владата за заштита од КОВИД-19, МЗМП во дел од своите канцеларии постави екрани на кои постојано се проследуваат известувања на повеќе јазици, поврзани со вонредната состојба, правата, обврските и препораките

## ЈУНИ

- Како дел од активностите на Мрежата за заштита од дискриминација, Александра Цветановска, проектен координатор во МЗМП, учествуваше во подготовка на „Прирачник за практиката на Европскиот суд за човекови права за заштита од дискриминација"
- МЗМП одржа состанок со групата за стратешко застапување на предмети од областа на азилот (СЛАГ група)
- Се одржа првиот состанок на Работната група на меѓуинституционална работа за разгледување и решавање на повеќегодишната состојба со преостанатите бегалци од Косовската криза
- Во соработка со European Implementation Network (EIN), МЗМП спроведе online обука за адвокати на тема „Зајакнување на капацитетите на адвокатите во Северна Македонија за ефикасно извршување и застапување за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права"
- МЗМП организираше обука за управување со проектен циклус како дел од активностите за менторска поддршка на граѓански организации
- Како дел од програмата за субгрантирање на МЗМП, Здружението на социјални работници на Македонија, ја објави публикацијата „Права и услуги во рамките на системот на детска и социјална заштита во РСМ"
- Како дел од активностите на МЗМП за менторска поддршка на граѓански организации, беа организирани 3 еднодневни работилници за:
    - Правилно дефинирање и формулирање на проектни цели, резултати, активности и индикатори;
    - Идентификување на потенцијални донатори за време на COVID 19 кризата;
    - Идентификување и управување со правни ризици со кои се соочува организацијата
- Во соработка со Client Earth, МЗМП спроведе online обука за адвокати и млади правници на тема „Како да се постигне чист и здрав воздух во Северна Македонија"

ул. "Донбас" бр. 14/1-6, 1000 Скопје
Тел/факс 02/3220 870; website: www.myla.org.mk, e-mail: contact@myla.org.mk

- По повод Меѓународниот ден на бегалците, МЗМП објави Јавен повик за награда за професионално известување за состојбата на бегалците при мешаните миграциски движења и лицата без државјанство за 2019 година во Република Северна Македонија
- МЗМП одржа состанок за системот за бесплатна правна помош на барателите на азил